**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 2 став 1 точка 29 и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот
## („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/2009)

I. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/2007, 32/2008 и 31/2009), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во глава II точка 11 потточка б), алинеите 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат потточки 1), 2), 3), 4) и 5).

Во ставот 2, зборовите: „претходните услови“ се заменуваат со зборовите: „условите од потточките 2), 3), 4) и 5) и доколку е потврдена од овластен ревизор“.

2. Во глава VI точка 39, зборовите: „акумулирана амортизација“ се заменуваат со зборовите: „ премијата или дисконтот“.

3. Во глава VI точка 42 став 2, зборот: „сметководствената“ се заменува со зборот: „сметководствена“.

4. Во глава VI точка 43 потточка а), којашто се однесува на факторот на конверзија 0%, запирката по зборот: „неискористени“ и зборот: „безусловно“ се бришат.

5. Во глава VI точка 43 потточка а), којашто се однесува на факторот на конверзија 20%, по зборот: „друг“ се додава зборот: „сличен“.

6. Во глава VI точка 43 потточка а), којашто се однесува на факторот на конверзија 50%, по зборот: „друг“ се додава зборот: „сличен“.

II. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О. бр. 02-15/VII-2/2009**
**30.07.2009 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**